**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-74/2**

**Скопје, 17.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Ново Село за 2005 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Ново Село за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Кирил Чавков, Градоначалник на општина Ново Село, до 31.03.2005 година и
- Никола Андонов, Градоначалник на општина Ново Село од 01.04.2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 09.11. до 17.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Ново Село во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/106 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Ново Село врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби во општина Ново Село. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на материјалните средства.
**Препорака:**
На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Ново Село.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи при набавката не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба со евидентирањето на исправката на вредноста на ситниот инвентар не се евидентира намалување на деловниот фонд. Со ваквиот начин на евидентирање на ситниот инвентар се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба како и се нема политика за евидентирање на истите.
**Препорака:**
Надлежните служби да утврдат соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да ја применуваат во целиот пресметковен период.

10.2.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За поголем дел од набавените материјали не е наведено каде и за кои потреби се потрошени. Тоа се јавува поради

не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не се изготвуваат приемници при приемот и испратници врз основа на требувањата од пооделните оделенија и служби на општината. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**

Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

10.2.3. За трошоците за мобилен телефон сопственост на општина Ново Село, кој го користи градоначалникот не е донесен акт – одлука или решение за утврдување на висината на расходите кои ќе бидат на терет на општината, што е спротивно на Одлуката за извршување на буџетот. Ваквиот начин на работење го нарушува принципот на економично работење и доведува до нелимитирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**

Надлежните лица во општината да донесат интерен акт со кој ќе се лимитираат расходите од овој вид со цел за економично трошење на јавните средства.

10.2.4. Извршена е продажба на донирано санитетско возило марка мерцедес без претходно да биде истото евидентирано во сметководствената евиденција на општината и без постапка за јавно надавање, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и спротивно на член 66 од Законот за локална самоуправа. Причина за продажбата е економската неисплатливост од користење на возилото поради староста и високата потрошувачка на гориво. Ефектот од непочитувањето на законските одредби доведува до незаконско отуѓување на имотот на општината и до можни злоупотреби.

**Препорака:**

Средствата добиени по било кој основ да се евидентираат во сметководството, да се изврши проценка на вредноста на истите а при отуѓување да се постапува согласно одредбите од членот 66 став 1 од Законот за локална самоуправа.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Расходите и приходите во сметководството и билансот на приходи и расходи за 2005 година не се евидентирани во износ од 7.114 илјади денари бидејќи плаќањето по истите е извршено со цесии при што е спроведено евидентирање само на сметките за обврски спрема добавувачите и на сметката за материјални средства – градежни објекти. Бидејќи истите не се евидентирани преку сметката на Буџетот и Органот на општината Ново Село, приходите и расходите за 2005 година во вкупен износ од 7.114 илјади денари не се искажани во сметководството и финансиските извештаи. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за платен промет и има за ефект нереални приходи и расходи за 2005 година.

**Препорака:**

Правниот субјект да не практикува регулирање на побарувањата и обврските со договори за цесии, ако истовремено истите не ги спроведува преку платниот – трезорскиот систем.

10.3.2. Во врска со изградбата на улици во с.Колешино, с.Смоларе и Ново Село со изведувачот ЈП„Македонија Пат„ Скопје, подружница Штип склучен е договор број 03-908/1 од 06.10.2005 година кај општината и 03-704/1 од 04.10.2005 кај изведувачот, на

износ од 1.894 илјада денари и Анекс договорот број 03-908/2 од 13.10.2005 година кај општината и број 03-704/2 од 24.10.2001 година кај изведувачот, на износ од 730 илјади денари. За делот на Анекс договорот, ревизијата не се увери во реалноста на расходите поради тоа што се однесуваат на други работи кои не се споменати ниту со повикот за јавна набавка, не се предвидени ни со премерот и пресметката, а таков вид на работа не е извршен по испоставените градежни ситуации и градежни книги. Со Анекс договорот е регулирана набавка на цевки за водоводна мрежа во с. Борисово, кој не се предмет на основниот договор. Ревизијата нема сознание каде истите се потрошени бидејќи за извршени такви работи нема податоци во градежни книги и градежниот дневник кој беа дадени на увид. Анекс договорот е доставен дополнително и на истиот на штембилот од Македонија Пат стои датум 24.10 2001 година, а во преамбулата истиот се повикува на број на основен договор 03-7054/1 од 04.10.2005 година кој не се совпаѓа со бројот на основниот договор. Непочитување на законската регулатива придонесува до зголемени трошоци кои не се засноваат на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

**Препорака:**
Надлежните органи кај субјектот да преземат мерки за надминување на ваквите состојби и утврдување на одговорност.

### 10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.4.1. Попис на средствата и изворите на средствата на општина Ново Село со состојба на 31.12.2005 година не е извршен, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како причина беше наведено дека кај материјалните средства во 2005 година нема промени и нема потреба од вршење попис. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година не е потврдена и со попис што остава можност дека истите не ја претставуваат реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**
Надлежните во општината со состојба на 31 декември се должни да извршат попис и да ја усогласат книговодствената со фактичката состојба.

10.4.2. Ставката Градежни објекти е преценета за износ од 1.437 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на Материјали на залиха и истовремено е преценета состојбата на Државниот јавен капитал, а е потценета состојбата на Останатиот капитал – Залихата на материјали, за истиот износ, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа е што набавените пластични цевки од „Конти Хидропласт„ Гевгелија за изградба на фекална канализација во Ново Село, кои не биле потрошени на 31.12.2005 година, правниот субјект наместо да ги попише и искаже како залиха на материјали, ги евидентирал како потрошени и ги искажал на сметката градежни објекти. Тоа има за ефект нереално искажани состојби на материјалните средства и залихите на материјали за 2005 година.

**Препорака:**
Одделението за сметководство залихата на материјали да ја евидентира на соодветните сметки согласно Законот за сметководството на буџретите и буџетските корисници и согласно Правилникот за сметковниот план за буџетските корисници.

### 10.5. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки

10.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- Спротивно на членот 68 и 72 од Законот за јавни набавки извршени се услуги за изработка на урбанистички план и главен проект и извршени се набавки на градежни материјали, електро материјали и канцелариски материјали во вкупен износ од 379 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 1);

- За изградба на улици во с.Колешино, с.Смоларе и Ново Село со изведувачот ЈП„Македонија Пат„ Скопје, подружница Штип склучен е договор број 03-908/1 од 06.10.05 на износ од 1.894 илјада денари, од кои според приложениот премер – пресметка за изградба на улици во с.Колешино износ од 836 илјади денари, за изградба на улици во с.Смоларе износ од 464 илјади денари и за изградба на улици во Ново Село износ од 594 илјади денари. Од страна на изведувачот испоставени се градежни ситуации на вкупен износ од 2.624 илјади денари, повеќе за износ од 730 илјади денари или 38,5% од износот на основниот договор, што е спротивно на Законот за јавни набавки кој дозволува износот на дополнителните работи да неможе да изнесуваат повеќе од 20 % од вредноста на основниот договор. По овој предмет склучен е Анекс договор на износ од 730 илјади денари кој во предметот на договорот се разликува од предметот на работа по основниот договор, бидејќи во анексот е наведено набавка на цевки за водоводна мрежа во с. Борисово, кој не се предмет на основниот договор.

- За изградба на дел од локален пат 0,7км од Ново Село – Барбарево во постапка за јавна набавка спроведена по пат на отворен повик како најповолна била избрана понудата на „Интер Констракшн„ Гевгелија која била на износ од 1.251 илјада денари со приложена премер пресметка на овој износ. Со истиот е склучен договор број 03-1131/1 од 23.11.05 на износ од 2.000 илјади денари, што е спротивно на Законот за јавни набавки и е спротивно на барањата по отворениот повик за јавна набавка.

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.3.,10.4. и 10.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Ново Село на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.3. и 10.5. кај Органот на општина Ново Село не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

13. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Ново Село е тужена страна во судски спорови со два субјекти-физички лица, од кој со едно лице по основ на надомест на штета за износ од 333 илјади денари и со друго за превземање и вработување без утврдена вредност и со три субјекти-правни лица по основ неплатен долг, од кој спрема два субјекта во износ од 3.694 илади денари и спрема еден субјект без утврдена вредност.

Постапки во кој општина Ново Село се јавува како тужител нема.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Ново Село за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Ново Село во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Почетната состојба на набавната вредност и исправката на вредноста на опремата искажана во книговодството не се слага со искажаната во пописната листа од 31.12.2004 година за износ од 22 илјади денари кај набавната вредност и 19 илјади денари кај исправката на вредноста. Во текот на ревизијата субјектот и прифати и извршена е исправка со докнижување на разликата на сметката Опрема и Деловен фонд и истовремено евидентирање на исправката на вредноста на сметката Деловен фонд и на сметката Исправка на вредноста на опремата. Се однесува на неевидентирана вредност на термо печка.

**15. Обелоденување**

15.1. На основа расположивата документација, која беше дадена на увид од надлежните во општина Ново Село, ревизијата утврди дека е склучен договор за заем број 03-313/1 од 27.04.2005 година со Ловно друштво Елен Ново Село во износ од 240 илјади денари со рок на враќање од 30 дена. Поради блокада на жиро сметката склучен е договорот со цел да се поделат две нето плати на вработените. Платите се поделени на рака и кога истите се подигнати вработените ги имаат вратено парите во благајна и истите се вратени на Ловното друштво Елен. Оваа трансакција не е спроведена преку сметката на општината ни преку благајната.

**Скопје, 12.01. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 40 | 341 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 9 | 232 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 9.802 | 15.002 |
| **Вкупно приходи** | | **9.851** | **15.575** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 2.822 | 3.506 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 4.542 | 5.729 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3 | 174 | 952 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 30 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.568** | **10.187** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5.1. | 2.283 | 5.345 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2.283** | **5.345** |
| **Вкупно расходи** | | **9.851** | **15.532** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **43** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 40 | 341 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 9 | 232 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 9.802 | 15.002 |
| **Вкупно приходи** | | **9.851** | **15.575** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 2.822 | 3.506 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 4.542 | 5.729 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3 | 174 | 952 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 30 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.568** | **10.187** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5.1. | 2.283 | 5.345 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2.283** | **5.345** |
| **Вкупно расходи** | | **9.851** | **15.532** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **43** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **24.063** | **-** | **24.063** |
| **Зголемување по основ на:** | | | |
| Набавки | 7.114 | - | 7.114 |
| **Намалување по основ на:** | | | |
| Амортизација | 649 | - | 649 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **30.528** | | **30.528** |